ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-3/16**

**Дата: 04.02.2010**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА – БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за економија на РМ – Биро за метрологија (во понатамошниот текст МЕ - БМ) - сметка на основен буџет – 603-10 за 2008 година, кои се прикажани на страните 3, 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е извршена е ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на МЕ - БМ сметка на основен буџет – 603-10 за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Соња Мираковска, директор, од 03.10.2006 година до 08.07.2008 година
   - Пеце Ристевски, директор, од 18.07.2008 до 02.12.2008 и
   - Димитар Парнаџиев, директор од 22.12.2008 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 16.11.2009 до 23.11.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на МЕ - БМ сметка на основен буџет – 603-10 на ден 31.12.2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај МЕ - БМ сметка на основен буџет – 603-10 остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

**Овластен државен ревизор**

Скопје, 01.02.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | | **2008** | | **2007** |
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | | 2,000 | | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **2,000** | | **0** |
| **Расходи** | | | | |
| **Капитални расходи** | | | | |
| Капитални расходи | | 2,000 | | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2,000** | | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **2,000** | | **0** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства во подготовка | 2,000 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **2,000** | **0** |
| **Вкупна актива** | **2,000** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 2,000 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **2,000** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **2,000** | **0** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **-** | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **2,000** | **2,000** |
| Набавки | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 2,000 | **2,000** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | **-** |
| Амортизација | - | **-** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **2,000** | **2,000** |